Во согласност со објавениот Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта во учебната 2011 / 2012 година во Република Македонија

**СОУ ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ“ КАВАДАРЦИ**
**РАСПИШУВА**

# О Г Л А С

За запишување на ученици во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци за учебната 2011 / 2012 година.

**I.** Во прва година ќе се запишат **238** ученици во **7** паралелки според наставните планови и програми за:

**I.1. ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ** **170 ученика во 5 паралелки, 60 минимум поени**

**I.2. ЕКОНОМСКО-ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА** **68 ученика во 2 паралелки, 60 минимум поени**
а) ЕКОНОМСКИ ТЕХНИЧАР ________________ 34 ученика во 1 паралелка
б) ПРАВЕН ТЕХНИЧАР ____________________ 34 ученика во 1 паралелка

**II. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ:**
- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години;
- да се определиле за план и програма за гимназиско или стручно образование;
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со Огласот.

**III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:**
- пријава за запишување (пријавата за запишување ученикот ја подигнува од училиштето во кое сака да се запише и истата е бесплатна);
- оригинални свидетелства од V до VIII одделение;
- извод од матична книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).

**IV. КОНКУРСНИ РОКОВИ:**

Пријавувањето и запишувањето на учениците се врши во два уписни рока, јунски и августовски.

Првото пријавување и запишување на учениците во јунскиот уписен рок ќе се врши на **16 и 17 јуни 2011 год. од 08-15 часот**, а резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **20 јуни 2011 г.**

Второто пријавување на учениците ќе се врши на **29 и 30 јуни 2011 година од 08-15 часот**, а резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **1 јули 2011 г.**

Пријавувањето и запишувањето на учениците во августовскиот рок во колку има слободни места ќе се врши на **18 август 2011**, а резултатите ќе се објават на **19 август 2011 година**.

Ако во двата уписни рока не се пополнат утврдените ученички места, запишувањето на учениците продолжува до 31 август 2011 година.

**V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ:**

- **средниот успех на ученикот од V до VIII одделение** (за средниот успех може да добие најмногу 50 поени).
- **среден успех на ученикот постигнат по четирите предмети** (мајчин јазик, странски јазик и двата предмети што се значајни за струката – математика и историја). Ученикот може да добие најмногу 20 поени, по 5 поени за секој предмет;
- **дипломи од освоени** (I, II и III) **места од меѓународни и републички натпревари** од (мајчин јазик, странски јазик и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје). За освоено место од **меѓународни натпревари 5 поени**, за освоено место од **републички: 3 поени за I место, 2 поени за II место и 1 поен за III место**. На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени;
- **средна вредност од поени добиени за поведение** (може да добие најмногу 5 поени). **Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение со 0 поени.** Средната вредност е збир од поените за поведението од петто, шесто, седмо и осмо одделение поделен со 4;

**Ученикот по сите критериуми утврдени со Конкурсот може да добие најмногу 80 поени.**

Доколку има ученици со ист број поени квалификационото тестирање од предмети значајни за струката ќе се организира на **23.06.2011** година, а резултатите ќе бидат објавени на **24 јуни 2011** година.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ЌЕ ИМА НА ОГЛАСНАТА ТАБЛА ВО УЧИЛИШТЕТО.**

**Април, 2011 година** **СОУ ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ“ КАВАДАРЦИ**